**АКАДЕМИЈА**
**за обука на судии и јавни обвинители**
**и нивни заменици на Република Македонија**

# П Р Е Д Л О Г   И З В Е Ш Т А Ј

## за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2006 година

**Скопје, јануари 2007**

## ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ

Во согласност со член 18, алинеја 4, а во врска со член 9, алинеја 12 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2006), Директорот на Академијата го изготви и го поднесува на разгледување и утврдување Предлог годишниот извештај за работата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2006 година.

Собранието на Република Македонија го усвои Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители на седница одржана на 25 јануари 2006 година, и истиот е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2006 од 1 февруари 2006 година. По истекот на периодот од 8 дена од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија" (*vocation legis*), согласно член 57**,** Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители влезе во сила на 9 февруари 2006 година**.**

Во текот на периодот ноември-декември 2006 година, беа преземени значајни активности во насока на конституирање на органите на Академијата и донесување на општите акти, неопходни за нејзино отпочнување со работа.

## РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Од донесувањето на Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители, во текот на 2006 година, беа одржани **седум седници на Управниот одбор на Академијата**, на кои се разгледуваа и утврдуваа прашања од неговиот делокруг. На конститутивната седница на Управниот одбор на Академијата, која се одржа на **12 април 2006 година**, на која беа верификувани мандатите на членовите на Управниот одбор, и тоа, како членови по функција:

1. г-ѓа Ленче Софрониевска, Претседател на Републички судски совет - по конституирањето на Судскиот совет на Република Македонија, г-н Беким Исеини;
2. г-н Дане Илиев, Претседател на Врховен суд на Република Македонија;
3. г-н Александар Прчевски, Јавен обвинител на Република Македонија - по неговото разрешување претставуван од г-н Славчо Станков, заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија, и
4. г-ѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, министер за правда - по конституирањето на новата Влада, г-н Михајло Маневски,

и како назначени членови:

1. г-н Благој Доновски, судија на Врховниот суд на Република Македонија, назначен од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија;

2. г-ѓа Лидија Тасева, судија на Основен суд Скопје II, назначена од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија;
3. г-н Абдуљаким Салиу, заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија, назначен од колегиумот на Јавното обвинителство на Република Македонија;
4. г-н Кире Секуловски, Виш јавен обвинител на Битола, назначен од Советот на јавни обвинители;
5. г-н Агим Мифтари, судија на Врховниот суд на Република Македонија, назначен од Здружението на судии на Република Македонија, кој беше избран за прв претседател на Управниот одбор;
6. г-н Стерјо Зиков, Основен јавен обвинител на Скопје, назначен од Здружението на јавни обвинители на Република Македонија, и
7. г-н Исамедин Лимани, назначен од министерот за правда.

На следните седници на Управниот одбор се раслраваа важни прашања од значење за заокружување на процесот на востановувањето на Академијата, беше донесен Статутот на Академијата и беа распишани два јавни огласи за именување на директор и извршен директор и на седница одржана на **20 октомври 2006 година**, Управниот одбор на Академијата, по разгледување на сите пријави на кандидатите, именува директор и извршен директор, со што се заокружи раководната структура на Академијата за обука на судии и јавни обвинители. За директор на Академијата беше именувана г-ѓа Анета Арнаудовска, судија на Основен суд Скопје I, а за извршен директор, г-ѓа Татијана Темелкоска-Миленковиќ, извршен директор на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија.

На шестата седница на Управниот одбор, која се одржа на **16 ноември 2006 година**, Управниот одбор ги верификуваше Нацрт одлуките за именување на директор и извршен директор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и донесе конечни одлуки за именување на директор и извршен директор. На оваа седница се разгледуваше прашањето за отпочнување со постапката за назначување на членови на Програмскиот совет од страна на соодветните институции. Исто така, беше прифатена оставката на Претседателот на Управниот одбор, г-н Агим Мифтари и **за нов претседател на Управниот одбор на Академијата беше избран г-н Абдуљаким Салиу**.

На **15 декември 2006 година,** се одржа седмата седница на Управниот одбор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, на која се разгледуваше Предлог Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, предложен од страна на директорот. По исцрпната дискусија во врска со одредени решенија предвидени со него, беше решено гласањето по Предлог Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Академијата за обука на судии и јавни обвинители да се одложи за наредна седница. Во врска со претстојната обемна активност на Академијата за изработка на подзаконските акти, беше констатирано дека Комисијата за нормативна дејност, во состав од само три члена, нема да биде во можност и не е соодветно да ги изработи сите подзаконски акти на Академијата и беше решено да се формираат работни групи за секој пооделен подзаконски акт. Предлог

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Академијата за обука на судии и јавни обвинители беше усвоен од страна на Управниот одбор на продолжението на седмата седница, кое се одржа на **27 декември 2006 година**.

## РАБОТА НА РАКОВОДНАТА И СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА АКАДЕМИЈАТА

Јавната установа Академија за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици на Република Македонија започна со работа на 22 ноември 2006 година.

Во врска со отпочнувањето со работа, Академијата за обука на судии и јавни обвинители спроведе широка акција за своја промоција преку испраќање на протоколарни писма до сите релевантни домашни и меѓународни институции и организации, како и до потенцијалните партнери на Академијата, со кои тие беа информирани за сите поединости околу нејзината организација, раководна структура, како и адресата, телефонските броеви на канцеларијата на Академијата и податоци за е-маил адресите за контакт. Со помош на овие писма, Академијата ќе создаде база на контакти, која ќе овозможи олеснување на меѓусебната соработка во иднина.

Во дополнение, раководната структура на Академијата оствари бројни состаноци со претставници на релевантните институции, домашни и меѓународни, на кои беа разговарани рамките на можна соработка, или пак беа прецизирани веќе постоечките сегменти на соработка.

### <u>1. Национална програма CARDS 2004</u>

CARDS 2004 проектот „Техничка помош за поддршка на формирање на институт за обука на правосудството – втора фаза" има за цел да придонесе за развојот на владеењето на правото и да промовира независно и ефикасно правосудство, помагајќи во формирањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, односно, да даде придонес кон создавање на функционален и ефикасен правосуден систем врз основа на европските и меѓународните стандарди преку три компоненти:

1. нормативна – изготвување/измена на релевантната законска регулатива, како и општи акти на Академијата;
2. обука – помош во изготвување и спроведување програми за почетна обука и постојано стручно усовршување и спроведување на подготвителна настава за припадниците на заедниците во Република Македонија, квалификационен тест, приемен и завршен испит;
3. поддршка на институционалниот развој на Академијата и обезбедување на нејзината одржливост.

Во текот на извештајниот период беа одржани повеќе состаноци со претставниците на проектот, во рамки на кои се дискутираа елементи и аспекти од имплементацијата на трите компоненти на проектот и предвидената динамика на спроведување на проектните активности. Тимот на проектот изготви и и достави на Академијата за

обука на судии и јавни обвинители Предлог наставни програми за обука, и тоа: Предлог наставна програма за почетна обука, Предлог наставна програма за континуирана обука за судии и обвинители со помалку од три години служба, Предлог наставна програма за континуирана едукација на службеници во судовите и обвинителствата, Предлог наставна програма за обука на стручни соработници во судовите и обвинителствата, Предлог наставна програма за подготвителна настава за припадниците на сите заедници во Република Македонија и Предлог наставна програма за обука на едукатори.

Во врска со Првичниот извештај за имплементацијата на Проектот "Техничка помош за поддршка на востановување на Институт за обука на правосудството, фаза II" – CARDS 2004, кој беше усвоен на првиот состанок на Проектниот комитет, беше побарана согласност и од страна на Директорот и Извршниот директор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за истиот, со оглед дека во времето на неговото усвојување сеуште не беше формирана раководната структура на Академијата. Таа согласност беше обезбедена дополнително. На 18 декември 2006 година се одржа и вториот состанок на Проектниот комитет на Проектот "Техничка помош за поддршка на востановување на Институт за обука на правосудството, фаза II", на кој беше усвоен Кварталниот извештај за имплементација на истиот.

## 2. Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје

Врз основа на одржаниот состанок со претставници од ОБСЕ и нивните презентирани ставови на истиот, Академијата за обука на судии и јавни обвинители го продолжи процесот на договарање поддршка во смисла на продолжување со организирање семинари на теми од областа на кривичното и меѓународното хуманитарно право, но со посебен акцент на воените злосторства (ова особено во контекст на враќањето на четирите предмети од Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија од Хаг во Република Македонија), кој беше започнат и реализиран во рамки на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судии на Република Македонија.

Во рамки на можна соработка во иднина, Академијата предложи финансирање на следниве проекти:

- обука на кривични судии и јавни обвинители (во првата фаза) и судската администрација (во втората фаза) за ракување со опрема за видео-конференција, која е инсталирана во Судница I во Основниот суд Скопје I
- обука на судската администрација за ракување со софтверот за компјутерско распределување на предметите во судовите

## 3. УСАИД/ДПК

1. Основа врз која се договараа рамки на соработка со овој донатор, беше реализацијата на Проектот „Едукација на судскиот кадар и реформите во Македонија", кој Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија, во соработка со Проектот за модернизација на македонското судство на УСАИД/ДПК и Фондацијата Институт отворено општество – Македонија го спроведе во текот на 2004, 2005 и првата половина

од 2006 година, а којшто беше наменет за обука на судскиот и административниот персонал во основните судови во Република Македонија. За потребите на проектот беа идентификувани десет пилот судови, во кои беа реализирани сите теми на обука предвидени со проектот, а подоцна беа вклучени и други десет судови, каде се спроведе обука на само дел од темите.

Академијата, врз основа на отворена понуда од страна на претставниците на УСАИД/ДПК, на неколку состаноци разговараше за продолжување на едукацијата на судската администрација преку вклучување на судови кои досега не биле воопшто вклучени во овој проект, и предложи спроведување на обука за темите кои изостанале од реализација во судовите вклучени во подоцнежната фаза на првичниот проект, како и административниот кадар во јавните обвинителства. Па така, беше постигнат договор за продолжување на континуираната едукација за судските службеници, како за основните судови во Скопје, така и за судовите во внатрешноста кои не беа опфатени со Проектот во рамките на Центарот за континуирана едукација. Во периодот од јануари до јуни 2007 година ќе бидат организирани 30 обуки на следниве теми: етика за судската администрација, односи со странките, управување со времето, управување со движењето на предметите и безбедноста во судот.

2. Проектот на УСАИД за модернизација на судството во Македонија, во соработка со Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија, исто така, во изминатите три години организираше обука за едукација на новоизбрани судии, во рамки на која беа спроведени четири такви обуки, дизајнирани според современи стандарди и принципи на едукација, со кои беа опфатени 80 новоизбрани судии.

Во функција да се комплетира едукацијата предвидена со тој проект, овој донатор предложи организирање на заедничка обука со Академијата за последната група од околу 20 новоизбрани судии, кои беа избрани во 2005 година, а кои не ја добија соодветната едукација. Академијата, од своја страна предложи вклучување на новоизбрани јавни обвинители и заменици во оваа програма. Врз основа на постигнат договор, во рамките на постојаното стручно усовршување Академијата во соработка со УСАИД/ДПК International, ќе организира и имплементира обука за новоизбраните судии во 2007 година. Обуката ќе се одржи на 7,8 и 9 февруари 2007 година во просториите на Академијата, а ќе се опфатат следниве теми: етика во и надвор од судот; цели, функции и надлежности на судовите; стандарди за работа на основните судови; планирање и раководење со кривичен и граѓански предмет; управување со времето; донесување на одлуки и управување со движењето на предметите во судот.

Во дополнение на горенаведените конкретни договори за заеднички проекти, УСАИД/ДПК понудија и широка рамка на други модалитети на соработка, чиишто аспекти на реализација би се договориле во текот на 2007 година, како на пример:

- изготвување на база на податоци за Академијата *(со евентуално прифаќање на ваков вид поддршка, Академијата ќе води грижа да не дојде до преклопување на овој вид на активност, предвидена со Компонента 3 од проектот на*

*CARDS 2004 - Дизајнирање и воспоставување на внатрешен IT систем на Академијата)*

- развој на стратегија за управување со буџетскиот процес *(со евентуално прифаќање на ваков вид поддршка, Академијата ќе води грижа да не дојде до преклопување на овој вид на активност, предвидена со Компонента 3 од проектот на CARDS 2004 - Дизајнирање и имплементирање на стратегија за управување со буџет)*
- обука на полето на развивање на менаџерски способности на вработените во Академијата
- обука на членовите на Програмскиот совет на Академијата

**4. Амбасада на САД во Република Македонија, Програма ОПДАТ**

Со оглед на повеќегодишната инволвираност на Програмата ОПДАТ во реформите на правосудниот систем на Република Македонија преку организирање на едукативни програми, Академијата размислува во насока на предлагање на проект за соработка со овој донатор за опфаќање на судии, јавни обвинители, заменици јавни обвинители и стручни соработници во судовите и јавните обвинителства во програма за изучување на англиски јазик.

Врз основа на постигнат договор со овој донатор, Академијата пристапи кон подготовки за реализација на обука за англиски јазик, која што ќе почне да се спроведува кон крајот на месец јануари 2007 година. На оваа обука ќе учествуваат повеќе од 70 судии и стручни соработници од Врховниот суд на Република Македонија, Апелациониот суд Скопје и Основните судови Скопје I и Скопје II. Обуката ќе биде организирана за слушатели од почетно и напредно ниво, поради што ќе биде организирано и тестирање на учесниците. Во моментот ваква обука се организира и за штипското и битолското апелационо подрачје.

**5. Твининг проект на Европската Комисија: Конкурентско право и политика**

Врз основа на одржан состанок со претставници на овој проект, Академијата за обука на судии и обвинители доби понуда за поддршка во организирање на програми за судии, јавни обвинители и стручни соработници во судовите и јавните обвинителства, кои би ги опфатиле следниве аспекти:

- компјутерски часови, кои би опфатиле и пребарување на бази на податоци преку интернет
- семинари на теми од областа на финансискиот криминалитет

## ПРОЕКТИ ПРЕВЗЕМЕНИ ОД ЦЕНТАРОТ ЗА КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА НА ЗСРМ

Врз основа на член 48 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители, Академијата ги превзема од Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија следниве проекти:

Во соработка со Советот на Европа и Информативната канцеларија на Советот на Европа, Академијата за обука на судии и јавни обвинители организираше семинар наменет за судии и јавни обвинители на тема: **“Примена на членовите 5 и 6 од Европската конвенција за човекови права”,** кој се одржа на 30 ноември и 1 декември 2006 година, во хотел „Гранит” во Охрид. На семинарот учествуваа 21 судија од Врховниот суд на Република Македонија, трите апелациони судови и основните судови Битола, Гостивар, Куманово, Охрид, Прилеп, Скопје I, Скопје II, Струга, Струмица, Тетово и Штип, 1 претставник од јавното обвинителство и 4 претставници од други институции.

На 14 и 15 декември 2006 година, во хотел “Stone Bridge”, Скопје, Академијата за обука на судии и јавни обвинители и Здружението на судиите на Република Македонија, а со финансиска поддршка од Владата на Федерална Република Германија и во соработка со Одделот за владеење на правото при Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје и Програмата за развој, помош и обука на обвинителствата при Амбасадата на САД во Република Македонија (ОПДАТ), одржаа семинар на тема: **„Меѓународни стандарди за фер судење во контекст на делата на организиран криминал и тешките кривични дела”.** На семинарот учествуваа 12 судии од Врховниот суд на Република Македонија, трите апелациони судови и основните судови Скопје I, Скопје II и Струмица, 6 претставници од јавното обвинителство, и тоа, Одделението за организиран криминал при Јавно обвинителство на Република Македонија, Вишото јавни обвинителство во Битола и Основното јавно обвинителство во Скопје, како и 5 претставници на други институции.

## ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НА АКАДЕМИЈАТА ВО НАСОКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ЕДУКАЦИЈА

Во текот на месец декември 2006 година, заради сеопфатна анализа на потребите на судиите и обвинителите за стручно усовршување кое вистински и ефикасно ќе обезбедува континуиран професионален развој и надградување на сознанијата за актуелните состојби на правото, неговите измени и дополнувања и судиската и обвинителската пракса, согласно чл. 44 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители и чл. 122 од Статутот на Академијата, стручната служба пристапи кон претходно испитување, анкетирање и анализа на мислењата и потребите на судиите, јавните обвинители, судските и обвинителските службеници и другите корисници на услугите на Академијата. За таа цел беа испратени писма до сите основни и апелациони судови, како и до Врховниот суд на Република Македонија, и до сите јавни обвинителства во Републиката, вклучувајќи го и Одделението за организиран криминал. Колектирањето на темите беше извршено од следниве области: кривично право, граѓанско право, трговско право, уставно и управно право, меѓународно право, право на Европска унија, странски јазици, работа со компјутер и нови информатички технологии, современи стојалишта и практични искуства во примената на законските решенија, судиска и обвинителска пракса, измените на законската регулатива, етичките стандарди, запознавање со најновите научни и

стручни достигнувања од областа на националното, меѓународното и европското право, а согласно чл. 127 од Статутот на Акедемијата беше извршена и оцена на потребите за обука од областа на организираниот криминал, економскиот и финансиски криминал, правата од индустриска сопственост, вештините на раководење и алтернативното решавање на споровите. Воедно, за овие теми беа анкетирани и повеќе од 60 институции, организации и претставници на граѓанското општество. Предложените теми ќе бидат сумирани и анализирани и ќе бидат од голема помош при креирањето на програмата за постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители, како и на судските и обвинителските службеници.

Истовремено Академијата започна со креирање на база на идните едукатори и ментори од редовите на судовите, обвинителствата, научните установи и другите релевантни институции, согласно член 26 став 1 и став 3 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители. Притоа, беше покажан особен интерес и беа примени над 130 пријави за повремени или постојани едукатори и ментори. Стручната служба на Академијата пристапи кон нивна обработка и оцена на исполнување на условите предвидени во член 46 од Статутот на Академијата. Листата на постојани и повремени едукатори ја утврдува Управниот одбор на Академијата, по предлог на Директорот, а по претходна консултација со Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители.

Во функција на изготвување на база на податоци за сите вработени во правосудните органи на Република Македонија беа испратени писма до сите судови и обвинителства во Република Македонија, како и до Секторот за правосудство при Министерството за правда, со коишто се побараа податоци за сите вработени, како што се: возраст, години на вкупен стаж, работен стаж како судија или обвинител и материја на која работел, движење во кариерата, полова и национална застапеност и сл. Оваа база е неопходна за подготовка на Програмата за постојано стручно усовршување, за формирање на целните групи, согласно со член 43 од Законот и член 122 став 3 од Статутот, како и за планирање на часовите за обука во Академијата.

## СТРУЧНА СЛУЖБА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Академијата за обука на судии и јавни обвинители работи со капацитет од 12 лица. Покрај Директорот и Извршниот директор, како раководна структура, стручната служба на Академијата ја сочинуваат уште четворица вработени, кои врз основа на член 49 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители и член 55 од Статутот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и по спроведената постапка, беа превземени од Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија, како и шест лица кои се ангажираат на работни задачи врз основа на договори за интелектуални услуги.

Со цел обезбедување услови за непречено материјално функционирање на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, во последниот месец од 2006

година беа превземени активности во насока на целосно опремување на нејзината канцеларијата. Имено, покрај набавката на потребниот канцелариски материјал, целосно беа доопремени просториите на канцеларијата, а беше набавена и следната електронска опрема:

1. Инсталација и подесување на опрема за интернет пристап – On.net
2. Надградба на персонални компјутери (RAM меморија, DVD RW, FDD)
3. Набавка на backup опрема за серверот
4. Набавка на УПС (уред за одржување на напон на струја)
5. Набавка на скенер HP Scanjet 3800
6. Инсталација на сервер и поврзување на 35 компјутери во мрежа
7. Лиценца за Microsoft Windows Сервер CAL 2003 (за 30 компјутери)
   Набавка на Cisco ACA5510 Firewall (уред за заштита на интеренет пристап)

Академија за обука на
судии и јавни обвинители

Директор,
судија Анета Арнаудовска